Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14 и 10/15), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О
# ЗА МЕДИЦИНСКОТО ЗГРИЖУВАЊЕ ПРИ РАСТ НА ГЛАВА КАЈ ДОЕНЧЕ

## Член 1

Со ова упатство се утврдува медицинското згрижување при раст на глава кај доенче .

## Член 2

Начинот на медицинското згрижување при раст на глава кај доенче е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на медицинското згрижување при раст на глава кај доенче по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што истото од страна на докторот соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2672/1
27 февруари 2015 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**
_______________

Прилог

# РАСТ НА ГЛАВА КАЈ ДОЕНЧЕ

МЗД Упатство
9.4.2009

- Забрзување на растот на главата
- Успорување на растот на главата

- Величината на детската глава треба да се зголемува паралено со растот во должина на детето.
- Дете со абнормална величина на главата треба да биде упатено на понатамошни инвестигации во следните ситуации:
  - растот на главата е > од 2 SD (macrocephalia > 3 SD) или < 2 SD (microcephalia < - 3 SD) во однос на растот во должина;
  - забрзувањето во растот на главата > 1 SD во споредба со растот во должина / забрзување на растот во должина (висински раст);
  - успорување на растот на главата > 1 СД компарирано со растот во должина / успорување на растот во должина (висинскиот раст).

## ЗАБРЗУВАЊЕ НА РАСТОТ НА ГЛАВАТА

- Забрзување во растот на главата може да биде предизвикано од опструкција во циркулацијата на цереброспиналниот ликвор ( тумор, оклузија на аквердуктот/стеноза) или прекин во реабсорбцијата ( субдурално крварење, ефузии, мислете на траума или злоупотреба). Неурометаболните заболувања може исто така да предизвикаат забрзан раст на главата.
- Ако заедно со забрзаниот раст на главата предната фонтанела е напната и дистендирана а детето има „феномен на зајдисонце" без одлагање треба да се упати на понатамошни иследувања.
- Ако како надополнување на горе споменатите симптоми детето е летаргично, тешко се храни или повраќа веднаш треба да се упати во најблиската педијатриска установа за понатамошни иследувања и третман.

## УСПОРЕН РАСТ НА ГЛАВАТА

Успорен раст на главата кај доенче може да се должи на предвремена осификација на кранијалните сутури или некои неурометаболни болести или синдроми.

## РЕФЕРЕНЦИ


1. Tuula Lonnqvist Article ID: ebm00975 (031.004)© 2012 Duodecim Medical Publications Ltd


1. **EBM Guidelines, 9.4.2009, www.ebm.guidelines.com**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 5 години.**
3. **Предвидено следно ажурирање во 2017 година.**